<table>
<tr><th colspan="2">Наслов на активноста</th></tr>
<tr><td colspan="2">Весело огледало</td></tr>
<tr><th colspan="2">Возраст</th></tr>
<tr><td colspan="2">Развоен период (4-6 години)</td></tr>
<tr><th>Простор/локација</th><th>Карактерна вредност</th></tr>
<tr><td>Домашни услови</td><td>Истрајност, перцепција, фокусираност</td></tr>
<tr><th>Потребно време за подготовка</th><th>Потребно време за реализација</th></tr>
<tr><td>20 минути</td><td>30 минути</td></tr>
<tr><th colspan="2">Цели</th></tr>
<tr><td colspan="2">Целта е детето да се поттикне на воочување, препознавање и именување на круг, квадрат и триаголник.</td></tr>
<tr><th colspan="2">Очекувани резултати</th></tr>
<tr><td colspan="2">Детето ги препознава математичките форми круг, квадрат и триаголник.</td></tr>
<tr><th colspan="2">Насоки</th></tr>
<tr><td colspan="2"><u>Претходна подготовка за активност</u><br><br>Разговор за геометриските форми, цртање, боење и сечење на различни геометриски форми. Подготовка на еден лист поделен со исцртана линија на два еднакви дела.<br><br><u>Инструкции/насоки за играта</u><br><br>Детето треба да ја прави шемата како рефлексија во огледало, а шемата да биде од одреден број на математички форми кои одговараат на возраста на детето (од 4 до 6 форми).</td></tr>
</table>

**Активност/игра**

Детето игра со исечените геометриски форми во различна боја и ги реди по сопствен избор пред огледало. На тој начин тоа открива дека истата шема која ја прави самостојно се повторува во огледалото.

Детето прави шема пред „огледалото“, односно на првиот дел од листот, а потоа треба да ја повтори истата шема на другиот дел од листот како да ја гледа во огледало.

Играта може да се игра со други членови од семејството, седнати еден спроти друг. Еден член ја прави шемата, а друг ја повторува на другиот дел од листот.

| Прилози | Материјали |
|---|---|
| Прилог бр. 1<br>Правила на математичката игра<br>Прилог бр. 2<br>Шематски приказ од математички форми (круг, квадрат, триаголник, правоаголник), во основните бои на половина лист.<br>Прилог бр. 3<br>Лист во А4 формат со математички форми (круг, квадрат, триаголник, правоаголник), во основните бои кои може да се испечатат, а потоа да се исечат. | • Листови<br>• Боици<br>• Огледало<br>• Ножички |

**Активноста е подготвена од:**

Едукатори: Весна Филиповска, Наташа Матевска, Снежана Поповска, Соња Чаловска, Весна Пецева

Графички дизајнер: Катерина Николовска, Александра Бендевска

Видео снимање и монтажа: Ена Утевска

Лектура: Јана Михајловска – Иванов

Превод: Агим Лека

Фотографија: Ена Утевска

## Прилози: Фотографии од активноста


















#INNO4EDU













